# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**12.02.2020 год.** **Бр.III**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 47-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 12.02.2020 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 47-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 12.02.2020 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр. 09-294/1 од 12.02.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014 и 7/19) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 47-та седница, одржана на 12.02.2020 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 45-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 20.01.2020 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-253/3 од 12.01.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.’’ бр.5/2002), член 184 став 6 од Законот за заштита на децата (“Сл.весник на Р.М.” бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18; 198/18 и “Сл.весник на Р.С.М.” бр.104/19 и 146/19) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007, 16/2014 и 7/2019), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 12.02.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за дополнување на блок-дотацијата на ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дополнува блок-дотацијата на ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево за подигнување на стандардот и квалитетот на услугите, со средства од Буџетот на Општина Крушево.

**Член 2**

Средствата во висина од 280.000,00 денари, се обезбедени од Буџетот на Општина Крушево, а ќе се користат за обезбедување на огревно дрво за потребите на ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-253/6 од 12.02.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 166з. од Законот за заштита на децата (“Сл.весник на Р.М.” бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18; 198/18 ” Сл.весник на Р.С.М” бр.104/19 и 146/19), член 88 став 3 и 4 од Законот за административни

службеници (“Сл.весник на Р.М” бр.27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16; 11/18 и “Сл.весник на Р.С.М.” бр.275/19) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014 и 7/19), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 12.02.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево за 2020 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево, за 2020 година изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево, а ќе се применува за пресметка на платата за месец јануари 2020 година.

**Бр.08-253/7 од 12.02.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 20 став 2; член 25; 36 став 1 точка 1; и член 38 од Законот за културата (“Сл.весник на Р.М.” бр.31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10; 47/11; 51/11; 136/12; 23/13; 187/13; 44/14; 61/15; 154/15; 39/16 и 11/18), член14 став 3 и член 32 став 5 од Законот за установите („Сл.весник на Р.М.” бр.32/05; 120/05 / 51/11), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014 и 7/2019), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 12.02.2020 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за давање Согласност на Статутот на Општинската Установа Дом на култура „Наум Наумовски-Борче” Крушево***

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Статутот на Општинската Установа Дом на култура „Наум Наумовски-Борче” Крушево бр.01-86/2 од 30.12.2019 година, донесен од Управниот одбор.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-253/8 од 12.02.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 26 став 4 од Законот за основното образование („Сл.весник на Република Северна Македонија” бр.161/19) и член 18 став 1 точка 7, член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014 и 7/2019), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 12.02.2020 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ „Никола Карев” Крушево***

1. **СЕ ДАВА позитивно мислење** на статутот на ООУ “Никола Карев” Крушево бр.02-471/4 од 20.12.2019 година, донесен од Училишниот одбор на ООУ „Никола Карев” Крушево.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од Решението да се достави до ООУ „Никола Карев” Крушево и архива на Општина Крушево.

**Бр.08-253/9 од 12.02.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.’’ бр.5/2002) и член 21 став1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007, 16/2014 и 7/2019), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 12.02.2020 година, го донесе следниот :

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2019 година***

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализацијата на Програмата за Урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2019 година, бр.03-137/1 од 22.01.2020 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево

**Бр.08-253/10 од 12.02.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.’’ бр.5/2002) и член 21 став1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007; 16/14 и 7/2019), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 12.02.2020 година, го донесе следниот :

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на ОпштинаКрушево за 2019 година***

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализацијата на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Крушево за 2019 година, бр.03-138/1 од 22.01.2020 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-253/11 од 12.02.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.’’ бр.5/2002) и член 21 став1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007; 16/2014 и 7/2019), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 12.02.2020 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Крушево за 2019 година***

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализацијата на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Крушево за 2019 година, бр.03-139/1 од 22.01.2020 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-253/12 од 12.02.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 32 став 2 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа (“Сл.весник на РМ.” бр.61/2004; 96/2004; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18) и член 21 став 1 точка 4 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014 и 7/2019), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 12.02.2020 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2019 год. до 31.12.2019 год.***

1. **СЕ УСВОЈУВА** квартaлниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2019 год. до 31.12.2019 год.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-253/13 од 12.02.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ", бр.199/14, бр.44/15, бр.193/15, бр.31/16, бр.163/16, бр.64/18 и бр.168/18 година), член 22, став 1, точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 6 и 7 од Статутот на Општина Крушево ("Сл. Гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/14, 7/19), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 12.02.2020 година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА КРУШЕВО ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Во Програмата за Урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2020 година бр.08-1396/16 од 30.12.2019 година, се вршат измени и дополнувања:

После став 4.3 се додаваат два нови става 4.4 и 4.5

**4.4. Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-градби за производство на енергија - термо електро централа за производство на електрична енергија од биомаса на КП бр.1473/13 КО Алданци, Општина Крушево**

Границата на планскиот опфат на кој ќе се врши изготвување на Локалната урбанистичка планска документација е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



**4.5. Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-градби за производство на енергија - термо електро централа за производство на електрична енергија од биомаса на КП бр.1473/14 КО Алданци, Општина Крушево**

Границата на планскиот опфат на кој ќе се врши изготвување на Локалната урбанистичка планска документација е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



2. Ова изменување и дополнување влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево и станува составен дел на Програмата за урбанистичко планирање за 2020 година со бр.08-1396/16 од 30.12.2019 година.

**Бр.08-253/14 од 12.02.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014 и 7/19) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-272/1 од 07.02.2020 година од Михајло Смилевски од с.Пуста Река-Општина Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 12.02.2020 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

**1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 10.000,00 (десет илјади)** денари по барање бр.08-272/1 од 07.02.2020 година од Михајло Смилевски од с.Пуста Река-Општина Крушево со ЕМБГ 2805947443009;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.200001010851057, депонент Стопанска Банка АД Скопје-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.08-253/15 од 12.02.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014 и 7/19) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-64/1 од 09.01.2020 година од Ајше Елезоска од Крушево „Нико Доага”, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 12.02.2020 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

**1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 8.000,00 (осум илјади)** денари по барање бр.08-64/1 од 09.01.2020 година од Ајше Елезоска од Крушево ул.”Нико Доага” со ЕМБГ 1603964448000;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.290500011035134, депонент ТТК Банка АД Скопје-филијала Битола, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.08-253/16 од 12.02.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014 и 7/19) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-247/1 од 05.02.2020 година од Сенада Изејроска од с.Јакреново-Општина Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 12.02.2020 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

**1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 10.000,00 (десет илјади)** денари по барање бр.08-247/1 од 05.02.2020 година од Сенада Изејроска од с.Јакреново-Општина Крушево со ЕМБГ 2210983445049;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.200001703035685, депонент Стопанска Банка АД Скопје-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.08-253/17 од 12.02.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа на Република Македонија (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 34 и 38 од Законот за културата (“Сл.весник на Р.М.” бр.31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 62 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на ВД директор на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево**

1. ПАНДОРА СТЕВАНОСКА, дипломиран економист од Крушево ул.”Манчу Матак” бр.22, СЕ ИМЕНУВА за ВД Директор на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево од редот на вработените.

2. ВД директорот ќе ја извршува функцијата до избор на директор по објавен Јавен оглас, но не подолго од 6 (шест) месеци.

3. ВД Директорот ги има сите права и обврски на директор на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево.

4. Општина Крушево, веднаш по именувањето ВД Директор ќе распише Јавен оглас за директор.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

6. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

На ВД Директорот на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево, Пандора Стеваноска му престана мандатот заради неговиот истек.

Согласно член 34 од Законот за културата, Градоначалникот на Општина Крушево веднаш именува ВД директор, без Јавен оглас, од редот на вработените.

ВД директорот ги има сите права и обврски на директор на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево.

ВД директор се именува за време до изборот на директор, а најдолго за 6 (шест) месеци.

Врз основа на горе наведеното, Градоначалникот реши како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 8 (осум) од дена од приемот на истото.

**Бр.04-91/1 од 14.01.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 и 16 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.Весник на Р.М.” бр.5/2002), член 124 став 1 алинеја 1 од Законот за заштита на децата (“Сл.Весник на Р.М.” бр.23/2013,12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.104/19 и 146/19 ) и член 62 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на Директор во**
**Детска градинка “Гонча Туфа” Крушево**

1. **МЕРИ ХРИСТОСКА** од Крушево, ул.„Манчу Матак„бр.22 , дипломиран економист **СЕ РАЗРЕШУВА** од функцијата **Директор на Детската градинка “Гонча Туфа” Крушево** на лично барање.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Примерок од Решението да се достави до именуваната, Детската градинка “Гонча Туфа” Крушево и Архивата на Општина Крушево.

***О б р а з л о ж е н и е***

Мери Христоска беше избрана за директор на ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево, врз основа на Јавен оглас со решение бр.09-875/3 од 23.08.2018 година.

На 14.01.2020 година до Општина Крушево Мери Христоска поднесе оставка од функцијата директор со изјава бр.03-15/1 од 14.01.2020 година.

Затоа Градоначалникот на Општина Крушево врз основа на член 124 став 1 алинеја 1 го донесе решението за разрешување на директорот на лично барање.

Врз основа на горе наведеното Градоначалникот на Општина Крушево се реши како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 8 (осум ) дена од приемот до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Бр.04-90/2 од 15.01.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 и 16 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.Весник на Р.М.” бр.5/2002), член 126 и 127-а од Законот за заштита на децата (“Сл.Весник на Р.М.” бр.23/2013,12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.104/19 и 146/19 ) и член 62 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на ВД Директор во**
**ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево**

1. **НИКОЛА ЧАВКАРОСКИ** од Крушево, ул.„Нико Доага„бр.53, дипломиран дефектолог се именува за **ВД Директор на ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево.**

2. Мандатот на ВД Директорот трае до избор на нов директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на неговото именување.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

4. Примерок од Решението да се достави до именуваниот, ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево и Архивата на Општина Крушево.

***О б р а з л о ж е н и е***

Директорот на ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево е разрешен од функцијата директор на лично барање согласнос член 124 став 1 алинеја 1 од Законот за заштита на децата со Решение бр.04-90/2 од 15.01.2020 година.

Затоа согласно член 126 и 127-а од Законот за заштита на децата, Градоначалникот именува ВД Директор од редот на вработените кој ги исполнува условите за директор и кој ги врши работите на директор до именување на нов директор, најмногу до 6 (шест) месеци од денот на неговото именување. ВД Директорот именуван согласно член 126 и 127-а од Законот за заштита на децата не е должен да поседува лиценца за директор и да поседува еден од меѓународно признати сертификати или уверение за активно познавање на странски јазик.

Врз основа на горе наведеното Градоначалникот на Општина Крушево се реши како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 8 (осум ) дена од приемот на истото до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Бр.04-90/3 од 15.01.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 и 16 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.Весник на Р.М.” бр.5/2002), член 123 став 1 од Законот за заштита на децата (“Сл.Весник на Р.М.” бр.23/2013; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18; 198/18 и “Службен весник на Р.С.М.” бр.104/19 и 146/19), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**О Д Л У К А**
**за објавување на Јавен оглас во**
**ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се регулира начинот за објавување на Јавен оглас за избор на директор во ЈОУДГ “Гонча Туфа” Крушево.

**Член 2**

Управниот одбор на Детската градинка потребно е да објави Јавен оглас за избор на директор на Детската градинка.

**Член 3**

Во Јавниот оглас да се утврдат условите кои треба да ги исполни кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на Јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

Јавниот оглас да се објави во јавните гласила, т.е во два дневни весници.

Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи согласно со огласот до Управниот одбор.

**Член 4**

Управниот одбор на Детската градинка „Гонча Туфа” по претходно спроведена постапка, во рок од 7 дена од извршениот разговор со кандидатите на Градоначалникот му предлага еден кандидат за избор на директор.

Градоначалникот на Општина Крушево во рок од 15 дена од денот на добивање на предлогот врши избор на директор.

**Член 5**

При спроведување на постапката Управниот одбор да ги почитува одредбите од Законот за заштита на децата и одредбите од Статутот на Детската градинка.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.04-90/4 од 17.01.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 116 од Законот за Основното образование ("Сл.весник на Р.С.М." бр.161/19), член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014 и 7/2019), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на ВД Директор на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево**

**1. На ПЕТРЕ МИШЕСКИ** од Прилеп, му престанува мандатот на ВД Директор во ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево, заради истекот на рокот за кој е именуван.

2. Градоначалникот на Општина Крушево ќе именува ВД Директор кој ќе ја извршува функцијата до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

4. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

Петре Мишески беше именуван за ВД Директор на ООУ „Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево со Решение бр.04-759/6 од 12.08.2019 година.

Мандатот од 6 (шест) месеци од неговото именување е истечен.

Согласно член 118 став 4 и 5 ВД Директор не може да биде подолго од 6 (шест) месеци, исто така исто лице еднподруго не може да биде именувано за вршител на должноста директор на Основно училиште. До денес не е спроведена постапка за избор на директор.

Поради горе наведеното Градоначалникот на Општина Крушево се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Бр.04-286/1 од 11.02.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 118 од Законот за Основното образование ("Сл.весник на Р.С.М." бр.161/19),член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007;16/2014 и 7/2019), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на ВД Директор на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево**

**1. СЕ ИМЕНУВА Николче Николоски** од с.Бучин, дипломиран професор во одделенска настава, за ВД Директор на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево.

2. ВД Директорот ќе ја извршува функцијата до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

4. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

На ВД Директорот на ООУ „Св.Кирил и Методиј" с.Бучин-Крушево Петре Мишески, на 12.02.2020 година му истече мандатот за кој беше именуван.

Градоначалникот на Општина Крушево согласно одредбите од Законот за Основно образование, односно член 118 од истиот закон, изврши именување на ВД Директор на ООУ од редот на вработените во училиштето. Во рок од 5 дена од денот на именувањето, ќе донесе одлука УО да објави оглас за избор на директор.

Именуваниот Николче Николоски, е од редот на вработените во училиштето и функцијата ВД директор ќе ја извршува до изборот на нов директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на неговото именување.

Поради горе наведеното Градоначалникот на Општина Крушево се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Бр.04-286/2 од 11.02.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 118 став 2 од Законот за Основното образование ("Сл.весник на Р.С.М." бр.161/2019), член 50 став 1 точка 9 и 16 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 9 и 16 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 , 16/14 и 7/2019), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**О Д Л У К А**
***за објавување на Јавен оглас за избор на директор на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука Градоначалникот на Општина Крушево одлучи Училишниот одбор на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево да објави Јавен оглас за избор на директор на училиштето.

**Член 2**

Училишниот одбор на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево, по претходно спроведена постапка, во рок од 7 (седум) дена од извршениот разговор со кандидатите, на Градоначалникот му го предлага кандидатот кој добил мнозинство од гласовите од вкупниот број од членовите на Училишниот одбор.

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Крушево во рок од 10 (десет) дена од денот на добивање на предлогот, го именува предложениот кандидат за директор на Основното училиште.

Ако Градоначалникот во рокот утврден во став 1 на овој член не го именува директорот, именувањето го врши Министерот.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.04-286/3 од 11.02.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре. бр. страна

1. Заклучок за објавување на актите донесени на 47-та седница на Совето на Општина Крушево ……………………………………….1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 45-та седница на Советот на Општина Крушево ……………………………………….1
3. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крушево за 2020 година …………………………… 1
4. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Крушево за 2020 година ………………………………………………….2
5. Одлука за дополнување на блок-дотацијата на ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево …………2
6. Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платаите на јавните службеници во ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево за 2020 година ……………………..2
7. Решение за давање Согласност на Статутот на Општинската Установа Дом на култура "Наум Наумовски-Борче" Крушево ………. 2

8. Решение за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Никола Карев" Крушево ………………………………………………….. 2
9. Заклучок за усвојуавање на Извештајот за реализација на програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2019 година …………………………………………3
10. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Крушево за 2019 година …………3
11. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Крушево за 2019 година …………………… 3
12. Заклучок за усвојување на кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2019 година до 31.12.2019 година …………………4
13. Програма за измена и дополнување на програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2020 година …………5
14. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Михајло Смилевски од с.Пуста Река ……………………………………5
15. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Ајше Елезоска од Крушево ………………………………………5
16. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Сенада Изејроска од с.Јакреново …………………………………5
17. Решение за именување на ВД директор на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" од Крушево …………………………….6
18.Решение за разрешување на Директорот во Детска градинка "Гонча Туфа" Крушево ……………………………………………………7
19. Решение за именување на ВД Директорот во ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево ………..7
20. Одлука за објавување на Јавен оглас во ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево …………….8
21. Решение за престанок на мандат на ВД Директорот на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево ………………….8
22. Решение за именување на ВД Директор на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево …………………………… 8
23. Одлука за објавување на Јавен оглас за избор на директор на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин - Општина Крушево …… 9

Редакциски одбор на Општина Крушево.